**МЕЃУНАРОДНИ НАГРАДИ ВО 2011 година**

**Театарот во оваа година, освен низ Македонија, во Дебар, Виница, Скопје, Радовиш, Струмица, Битола, Куманово на ,,Денови на комедијата,, имаше и гостувања во странство, во Словенија и во Германија, каде се освоија значајни награди и признанија.**

Претставата,, Кавкаскиот круг со креда,, од Брехт, во режија на Мартин Кочовски, европската театарска асоцијација НЕТА ја прогласи за најдобра, по учеството на фестивалот,, Ристо Шишков,,.

Од НЕТА беа освоени наградите:
За најдобра претстава ,
заедничка колективна игра на актерската екипа и
за музиката на групата ,,Фолтин,,.

Театарот ,,Војдан Чернодрински,, со ,, Кавкаскиот круг со креда,, во септември настапи и на престижниот театарски фестивал Екс Понто во Љубљана, Словенија, како единствен театар од Македонија кој досега двапати имал можност да биде дел од овој фестивал. И таму беше освоена публиката.

Претставата беше ПРОГЛАСЕНА за НАЈДОБРА на Екс Понто.

Театарот, по изведбата на ,, Кавкаскиот круг со креда,, воедно ја доби поканата во 2012 година да учествува на значајниот театарски фестивал МЕСС во Сараево.

Наградите за театарот се потврда за квалитетот на претставите, но и на Ансамблот и поттик за натамошна плодна работа.

Претставата ,,Антица,, од Крле, во режија на Бранко Брезовец, во ноември беше прикажана на реномираниот европски фестивал за современ театар и танц во Лајпциг, Германија. Германската публика беше воодоошевена од претставата која двапати беше прикажана во рамките на фестивалот, а играта на актерите беше наградена со долготраен аплауз.

{gallery}nagradi{/gallery}